нова Македонија

ГЛАСИЛО НА КОМОРАТА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИНТЕРВЈУ: НАТАША ГАБЕР ДАМЈАНОВСКА, ДИРЕКТОРКА НА АКАДЕМИЈАТА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ

Да се најде баланс меѓу објективните трошоци за должниците и одржливоста на извршителите

Колку во програмите на Академијата за судии и јавни обвинители се застапени темите за извршувањето и дали има интерес за обуките на темата извршување од страна на веќе избраните судии и јавни обвинители?

- Сметано од 2013 година па до денес, академијата, во рамките на континуираната едукација, годишно организира во просек по две обуки што се однесуваат на извршувањето. Притоа, темите за кои се врши обуката опфаќаат разнородни аспекти, како што се: привремени мерки; извршување попис и изработка на пописни листи; правозаштитни средства при извршувањето; постапка по приговор против неправилности; заштита против неправилности при извршувањето; извршување попис и пописни листи; правен третман на разлачните и излачните доверители во стечајната постапка; законски новини, итн. Во делот, пак, на Програмата за почетна обука - теоретска настава, беа реализирани пет часа посветени на следните теми: извршување исправа, укинување на клаузулите на правосилност и извршност, извршител - избор и обврски, видови извршување, правозаштини средства при извршувањето - приговори и тужби, постапки и средства за обезбедување на побарувања. Се разбира дека и во иднина се очекува сите интересни или спорни правни прашања и практични искуства/проблеми и понатаму да бидат тема на нашите обуки.

Вие сте членка на Стручниот совет на Комората на извршители. Какви прашања најчесто добивате од извршителите, што за нив е проблематично и нејасно? Дали можеби станува збор за неусогласеност на законите, односно судир со другите закони или, пак, за недостатоци во нив?

- Јас ја сфаќам улогата на Стручниот совет како консултативна по однос на тековното работење, како и за правните прашања и проблеми што се јавуваат во текот на работењето на извршителите. Хетерогената структура на ова тело по однос на тековниот работен ангажман на членовите (теоретичари и практичари) гарантира дека секој ќе придонесе од аспект на своето искуство и знаење при оформувањето на ставот на телото. Досега ни се обратиле претежно извршители што прашуваат во врска со толкувањето на некои законски одредби во доменот на нивната работа, но и адвокати, кои во текот на предметите што ги работеле се среќавале со правни дилеми во врска со извршувањето. Се разбира дека ставот на телото не е правнообврзувачки, но сепак игра мошне корисна улога при уедначувањето на практиката во работењето на извршителите.

Како поранешна судијка во Уставниот суд вие дури 16 пати го издвојувавте вашето мислење во однос на колегите. Дадовте издвоено мислење и за лимитот на сметката на „Македонија пат“, на која се стави забрана за наплата на побарувања и за идните доверители. Дали тие се ставени во понеповолна состојба?

- Бројот на моите издвоени мислења како уставен судија се околу четириесетина, а оние за кои говорите вие се издвоените мислења, кои збирно се објавени. По однос на конкретното издвоено мислење за кое се однесува вашето прашање, тоа датира од 2013 година и се однесува на два аспекта. Првиот е формален, бидејќи сметав дека судот не смееше да ја отфрли иницијативата повикувајќи се на формални аспекти на истата таа, со оглед на тоа дека оспорените решенија на судот всушност имаа карактер на пропис бидејќи уредуваа прашања на општ начин, што би требало да претставуваат законска материја. Постојат и други случаи во практиката на Уставниот суд во кои доколку е воочено дека самиот акт и покрај тоа што формално е поединечен акт ги уредува односите на општ начин, судот навлегува во мериторно разгледување и оцена. Вториот аспект со кој требаше мериторно да се занимава Уставниот суд е самата содржина на оспорените решенија, бидејќи произлегува дека тие претставуваа нов извор за општо регулирање на односите должник - доверител наместо односните одредби од тогашниот Закон за извршување, што претставува повреда на принципот на уставноста и законитоста, но и на поделбата на власта. Како што и самата иницијатива правилно констатирала: „Од означените законски одредби произлегува дека Законот за извршување познава ограничување на извршувањето само врз подвижни предмети и права, но не и врз средствата од сметките на кое било правно лице. Таквото ограничување на извршувањето, според Законот е забрането, затоа што законодавецот налага извршување од сите расположиви средства. Исто така, дозволеното ограничување на извршувањето врз подвижни предмети и права, мора да се определи од страна на судот според вид (точно кои предмети и кои права што се функционално неопходни за дејноста во дадени околности), а не според нивната вредност. Според тоа, оспореното решение, со тоа што налага извршувањето да се спроведува само над определен износ месечен минимум на парични средства, судот всушност креира нова правна норма во правниот поредок со која се регулира положбата на неопределен број доверители кон означеното јавно претпријатие како должник.“

Уставниот суд во суштина не се занимава со тоа за кој субјект ваквото уредување би било поповолно, туку дали одредбите на Уставот се правилно оживотворени во оспорените судски одлуки. Кои било должничко-доверителски односи како и постапката при извршувањето поврзана со нив мораат да се уредат со закон, а не преку поединечни судски одлуки.

Колку често се поведуваше иницијатива за оценување на уставноста на Законот за извршување, додека вие бевте уставна судијка, во споредба со другите закони? Во јавноста се остава впечаток дека Законот за извршување честопати е на тапет пред судиите?

- Не би рекла дека впечатокот ви е точен. Како компарација би навела дека Уставниот суд доста долго се занимаваше со предмети што се однесуваа на енергетиката, сигурно се сеќавате на проблемите и реакциите на граѓаните околу топлинската енергија (парното греење). Исто така, судот во минатото имаше значителен број иницијативи во трудовата сфера, во врска со детални урбанистички планови, и голем број други актуелни теми познати во јавноста.

Сè повеќе во јавноста се притиска да се намали минималниот лимит за извршување кај физичките лица. Од сегашните една третина, на една петтина од плата, на пример. Дали е тоа добро да се направи или, пак, на тој начин само се трупаат каматите?

- Суштината на ова прашање е да се најде оптималниот, но реален баланс, од една страна граѓаните да немаат чувство дека долгот и објективните трошоци што би требало да се намират при извршувањето се нереално високи, а од друга страна да не се доведе во прашање нормалното функционирање на извршителите, односно тие да не се доведат до работ на одржливоста. Верувам дека е прашање на заемна конструктивна комуникација помеѓу законодавецот и комората да се најде најповолното решение.

Новиот закон за Академијата на судии и јавни обвинители со европско знаменце стигна во Собранието. Што очекувате да се промени со него? Кои се вашите цели како директорка на академијата?

- Пред сè, законот треба да претставува една конзистентна, но и поедноставена целина. Текстот треба да се растовари од одредби што по својата природа припаѓаат во подзаконски акт, да се поедностави и да се рационализира по однос на дизајнот на испитите и организацијата на работењето на академијата (телата и службите), во врска со едукативните активности што ги остварува таа. Одредени одредби што во минатото се покажале како непрактични или тешко применливи се отстранети.

Имаше забелешки во извештајот на Европската Унија дека за судии и за обвинители не се избираат слушателите од академијата. Што се презема во таа насока?

- Морам да ве демантирам. Деновиве во академијата, сите 37 слушатели на шестата генерација го положија завршниот испит. Постапката е завршена и академијата веќе ја има испратено листата на завршени обвинители (19) и на завршени судии (18) во Судскиот совет, односно во Советот на јавни обвинители. Значи дека нашите правосудни органи во мошне блиска иднина ќе можат да очекуваат млади кадри што ќе се зафатат со работа. Исто така, во тек е процесот за тестирање на новите слушатели во академијата, чиј број е планиран да биде 60. Се надевам дека оваа генерација ќе започне со својата обука во текот на првите месеци следната година.

Познато е дека во државата законите често се менуваат. Дали постигнувате со обуките на судиите и на јавните обвинители да им ги пренесете сите новини што ги носат законите?

- Секако дека академијата прави напори да ги вклучи овие новини и нивната примена во обуките (и почетна и континуирана) што ги организира таа. Јас ова го сметам како еден од главните приоритети на нашата институција, чија задача е меѓу другото да обезбеди хармонична примена на законите и уедначена судска практика како битни компоненти на владеењето на правото во нашата држава.